ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-301/4**

**Дата: 12.04.2010**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КУМАНОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Куманово за 2008 година, кои се прикажани на страните 6 и 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Куманово за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.
Последна ревизија која е извршена на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Куманово се однесува на 2005 година. При тоа, за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи е издадено мислење со резерва.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Зоран Дамјановски, градоначалник на општина Куманово во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 04.12.2009 до 25.12.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и одредени прифатени корекции во текот на ревизијата.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината**

10.1.1. Функционирањето на воспоставените интерни контроли во Општина Куманово во делот кој се однесува на утврдување на приходите за чие администрирање е надлежна општината, го намалуваат ризикот од нецелосно и неточно утврдување на приходите, меѓутоа, одредени слабости кои се провлекуваат повеќе години наназад, не дозволуваат негово целосно елиминирање:

- регистарот на даночните обврзници по основ на данок на имот наследен од институцијата во чија надлежност беше администрирањето на даночните приходи, сеуште е нецелосен и нереален, односно не е извршено негово ажурирање со постојните состојби;
- во даночното сметководство не се евидентира датата на достава на решението за данок на имот и комунална такса за фирма до обврзниците, така што, не е можно да се утврди датумот од кога почнува да тече рокот на застареност заради преземање мерки за присилна наплата.

Некомплетната евиденција на обврзниците по основ на даноци на имот и комунални такси, како и нецелосно воспоставените контролни постапки при утврдување на висината на обврските, придонесува за постоење ризик од помалку наплатени приходи во корист на Општината и ограничување на планираните активности на Општината.

**Препорака:**
Одделението за администрирање на приходите во општина Куманово:

- да ги заврши започнатите активности на крајот на 2009 година за ажурирање на постојните податоци за даноци на имот;
- во даночното сметководство, во евиденцијата за секој обврзник да се евидентира датата на достава на решението;

**10.2. Неправилна примена на акти**

10.2.1. Со ревизијата на утврдување и наплата на даночните приходи е утврдено дека:

- не се врши редовно усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенција за премер и катастар на недвижности, што е резултат на некомпатибилност на податоците во двата регистри;
- на пресметките за надоместок за уредување градежно земјиште, што се изготвуваат во Општината, нема доказ дека редовно се врши контрола, што се објаснува со недостиг на кадар. Пресметката ја врши едно лице, а контрола врши раководителот повремено и во одредени случаи;
- не се преземени сите законски мерки за наплата на даночниот долг. За ненаплатените побарувања по основ на данок на имот општината има доставено опомени до даночните обврзници, но постапка за присилна наплата не е спроведена;
- Општина Куманово во систематизација на работните места има предвидено работно место даночен извршител кој е овластено службено лице во општинската администрација за присилна наплата на даночниот долг и овластен инспектор на општината кој врши надзор над наплатата на даноците од имот. Овие две работни места не се пополнети.

Нередовното вршење контрола, делумното преземање мерки за присилна наплата (доставување само на опомени), како и неекипираноста со овластени лица за надзор и присилна наплата, придонесува за постоење ризик од помалку и ненавремено наплатени приходи и ограничување на планираните активности на Општината.

**Препорака:**
Градоначалникот на општина Куманово:

- да ги екипира  Одделението за администрирање на приходи и Одделението за даночна инспекција;
- да преземе мерки за наплата на даночниот долг со оглед на утврдените рокови за застареност.

Секторот за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата да обезбеди редовно вршење контрола на пресметките на надоместокот за уредување градежно земјиште, што треба да се вгради во процедурата за начинот на пресметување на надоместокот.

10.2.2. Кај утврдувањето и наплатата на комуналните такси е утврдено дека:

- Нема потврда за извршена контрола на точноста на пресметаната површина за користење на простор пред деловни простории за вршење на дејност, поставување на витрини и користење на плоштади. Освен тоа, најголем дел од решенијата за 2008 година се за период од три месеци, иако должината на сезоната во која може да се користи простор на отворено е подолга (март-октомври);
- не се наплатува комунална такса за користење музика во јавните локали и за користење паркинг простор;
- во рамките на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се наплатени приходи за поставување рекламни паноа врз основа на договор со двајца корисници. Плаќањето е за закуп на земјиштето, додека комунална такса за истакнатите реклами, објави и огласи на јавните места не се плаќа.

Нецелосното регулирање на плаќањето на комунални такси, како и невоспоставените контролни постапки при утврдување на висината на обврските, придонесува за постоење ризик од помалку наплатени приходи во корист на Општината и ограничување на планираните активности на Општината.

**Препорака:**
Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и природата:

- да обезбеди контрола на пресметаниот надоместок за користење на простор пред деловни простории за вршење на дејност, поставување на витрини и користење на плоштади;
- да пресметува комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавните места;
- да обезбеди наплата на комунална такса за користење паркинг простор и за користење музика во јавните локали;

10.2.3. Општина Куманово во Буџетот за 2008 година има планирано приходи и расходи во износ од 363,247 илјади денари. Во текот на годината се реализирани приходи во износ од 284,928 илјади денари и расходи во износ од 274,413 илјади денари, односно остварен е вишок на приходи во износ од 10,515 илјади денари. Реализираните приходи се под планираниот износ за 22%, а расходите за 24%. Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат во планираниот обем, градоначалникот на општината му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот, а во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Куманово за 2008 година е уредено дека доколку во текот на годината отстапувањето на планот на приходите и другите приливи е повисоко од 5%, градоначалникот доставува измени и дополнувања на буџетот на општината, до советот на општината.
Во 2008 година не е извршен ребаланс на буџетот. Неусогласеноста на остварените буџетски приходи и расходи со планираните дава можност за преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот и нивно пренесување во наредната фискална година. Општина Куманово на крајот на 2008 година има евидентирано обврски спрема добавувачи во износ од 52,541 илјади денари

**10.3. Неправилности во искажувањето на Билансот на состојба**

10.3.1. Не е извршено усогласување помеѓу сметководствената и даночната евиденција за побарувањата за комунална такса за фирми по основ на извршениот припис на нови фирми и отпис на фирми кои престанале со работа, што влијае на реалноста на искажаните билансни позиции во делот на побарувањата. Отпис на застарени побарувања не се врши.

**Препорака:**
Одделението за Буџет и финансирање и одделението за администрирање на приходи да извршат усогласување на состојбата помеѓу даночното сметководство и финансиската евиденција, во однос на:

- отпис на застарени побарувања од претходни години,
- отпишани побарувања заради згаснување на фирми, и
- зголемување на облог за извршени准 приписи во тек на годината.

Референтот што ги изготвува решенијата за припис и отпис на обврска за комунална такса за фирми, податоците за висината на извршениот припис и отпис редовно да ги доставува во Одделението за Буџет и финансирање.

11. Според наше мислење, освен за наведеното во точката 10.2.2 и 10.3.1, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Куманово на ден 31 декември 2008 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислењето за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на Органот на општина Куманово.

13. Во 2009 година е извршена корекција на побарувањата по основ на комунална такса за фирма, односно назив на деловни простории во износ од 24,897 илјади денари за погрешно евидентирани побарувања на крајот на 2008 година, со истовремено зголемување на пасивните временски разграничувања.

14. Во однос на препораките дадени во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Куманово за 2005 година, ревизијата утврди дека поголемиот дел од дадените препораки за отстранување на утврдените неправилности и незаконитости се спроведени или се во фаза на спроведување, (изготвени се, со одредени исклучоци, пишани процедури за регулирање на постапките на утврдување и наплата на приходите, со дефинирање на надлежностите и одговорностите на вработените, донесен е Деловник за работа на Советот, изготвувањето на годишниот извештај за работењето на Општината е во согласност со законската регулатива, се почитува сметководственото начело на парично искажување на приходите и расходите).
Не е спроведена препораката во однос на создавањето услови за издавање објекти под закуп во сопственост на општината по пат на лицитација, а со одлука на Советот на Општина Куманово од ноември 2009 година, деловниот простор сопственост на Општината, кој досега е издаван под закуп (Занаетчиски дом, времен објект на Кеј на речно корито и паркинг) е даден на користење, управување и одржување на Јавното претпријатие Куманово Паркинг.

Скопје 09.04.2010 година                                        Овластен Државен Ревизор

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА КУМАНОВО**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 184.335 | 146.874 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 10.021 | 20.177 |
| Капитални приходи | 3.3. | 15.108 | 441 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 75.464 | 62.167 |
| **Вкупно приходи** | | **284.928** | **229.659** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 37.057 | 34.516 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 737 | 956 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 82.225 | 61.278 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 5.624 | 4.392 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 148 | 84 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **125.791** | **101.226** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | 148.622 | 119.959 |
| **Вкупно расходи** | | **274.413** | **221.185** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **10.515** | **8.474** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 10.515 | 8.474 |
| Побарувања | 4.1.2. | 39.167 | 52.826 |
| **Вкупно тековни средства** | | **49.682** | **61.300** |
| **Средства на резервата, солидарноста и за други намени** | 4.1.3 | 2 | 2 |
| **Вкупна актива** | | **49.684** | **61.302** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 49.682 | 61.300 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **49.682** | **61.300** |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | 4.2.2. | 2 | 2 |
| **Вкупна пасива** | | **49.684** | **61.302** |